**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**Самостојна висока стручна школа**
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**Скопје**

# ПРАВИЛНИК

**за обезбедување на квалитет на Бизнис академија Смилевски – БАС**
**Скопје**

**Скопје, 2022 г.**

Врз основа член 60 став 1 алинеја 22 и 42 од Статутот на БАС и врз основа на Предлог Правилникот за обезбедување на квалитет, донесен од страна на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје, на 213 тата седница одржана на ден 31.08.2022 (дел. бр. 0205-184/17/1) година, органот на основачи на Бизнис академија Смилевски – БАС, го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**за обезбедување на квалитет на Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник за обезбедување на квалитет на Бизнис академија Смилевски (во понатамошниот текст: Академијата) се уредуваат стандардите и постапката за обезбедување на систем за квалитет во работењето на Академија, како и составот, изборот и надлежноста на телата одговорни за обезбедување на квалитет.

**Член 2**

Системот за обезбедување на квалитет подразбира воспоставување на стандарди, процедури и методи со цел унапредување на образовниот процес, постигнување на највисоки нивоа на наставната, истражувачката и административната дејност, како и поддршка на стручниот развој на наставниот кадар и студентите.

**Член 3**

Системот за обезбедување на квалитет се темели на:

- Законот за високото образованиие на Република Северна Македонија;
- Статутот за Бизнис академија Смилевски – БАС Скопје;
- Националните и меѓународните стандарди за обезбедување на квалитет во високото образование.

**Член 4**

Одговорни за обезбедување на квалитетот се органите и телата на Академијата, наставниот и административниот кадар, како и студентите, согласно нивните можности и работни обврски.

## СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Стандарди

**Член 5**

Системот за обезбедување на квалитет во работењето на Академијата се спроведува преку следење на следниве стандарди:

1. Институционални политики за обезбедување на квалитет;
2. Креирање, одобрување и следење на студиските програми;
3. Настава и учење насочено кон студентот;
4. Запишување, напредување и дипломирање на студентите;
5. Наставен кадар и професионален развој;
6. Ресурси за учење и поддршка на студентите;
7. Информирање на јавноста;
8. Меѓународна соработка и интернационализација.

Постапки

**Член 6**

Системот за обезбедување на квалитет овозможува континуирано следење на процесите и нивно подобрување преку:

- Спроведување редовни самоевалуцаии и надворешни евалуации;
- Следење и анализа на резултатите од применетите мерки за обезбедување на квалитет;
- Воспоставување механизми за континуирано унапредување на наставата и услугите.

**Член 7**

Основните принципи за обезбедување на квалитет вклучуваат:

- Дефинирање на мисија и стратегија за обезбедување на квалитет;
- Утврдување на мерливи цели во согласност со стратегијата;
- Спроведување на процеси за реализација на мисијата и стратегијата;
- Следење и анализа на постигнатите резултати;
- Преземање мерки за континуирано подобрување.

**Член 8**

Обезбедувањето на квалитетот во Академијата се остварува преку:

- Развој и унапредување на сите активности согласно потребите на пазарот на трудот;
- Промовирање и поддржување на висококвалитетно образование;
- Континуирано усогласување на законските регулативи и најдобрите практики.

Тела за обезбедување на квалитет

**Член 9**

Надлежно тело за реализација на системот за квалитет на Академијата е Советот за квалитет – стручно тело кое ги разгледува и анализира извештаите за евалуација и предлага мерки за подобрување.

**Член 10**

Советот за квалитет е составен од наставен кадар , студентски претставници и надворешни експерти, а неговите задачи вклучуваат:

- Предлог и следење на Стратегијата за квалитет;
- Анализа на извештаите од самоевалуацијата и надворешната евалуација;
- Предлагање мерки за подобрување на квалитетот на студиските програми и услугите.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 11**

Советот за квалитет ќе се формира во рок од 30 дена од стапувањето на сила на овој Правилник.

**Член 12**

Толкување на одредбите од овој Правилник дава Советот за квалитет.

**Член 13**

Постапката за надворешната евалуација и самоевалуација на БАС ќе биде во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација која е донесена врз основа на член 43 став 2 алинеа 8 и член 51 став 4 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р.М број 82//18 донесен од Националниот совет за Високо образование и Научно истражувачката дејност во согласност со Министерот надлежен за Високото образование број 14-6424/1 од 02.06.2022 г.)

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Орган на основачи**

Цветко Смилевски с.р

Цена Смилевска

Горазд Смилевски